Архивски број: 08-478/6
17-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 478/1 од 25.8.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] од Македонски Брод, за сторена дискриминација врз основа на политичко уверување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.10.2023 година, го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08 - 478 од 25.8.2023 година заради повлекување на претставката од страна на подносителот [redacted]

## Образложение

На ден 17.1.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување од страна на подносителот [redacted] против [redacted] од Македонски Брод.

Подносителот на претставката на ден 17.10.2023 година, со електронско известување заведено под број 08 – 478/5, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ја повлекува поднесената претставка.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
17.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]